Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-437/7

29-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-437 од 18.7.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.8.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-437 од 18.7.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 18.7.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], против [redacted] за објавена текстуална содржина на социјалната мрежа Facebook.

Врз основ на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 24.7.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката на адресата на потенцијалниот дискриминатор наведена во претставката. Притоа, направени се 3 обиди за достава на известувањето, еднаш на 26.7.2023 и 2 пати на 27.7.2023 година, по што истото беше вратено од пошта со назнака дека примачот се иселил од дадената адреса.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведена точната адреса на потенцијалниот дискриминатор, на 4.8.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе точната адреса на потенцијалниот дискриминатор.

Притоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 8.8.2023 година доби известување од страна на подносителот на претставката со барање Комисијата да се обрати до МВР Сектор за управно правни работи за прибавување на потребната адреса врз база на склучениот меморандум за соработка со МВР. Во однос на склучениот меморандум, тој претставува правно необврзувачки документ кој уредува соработка помеѓу 2 институции, кој што Комисијата го има склучено за прибавување податоци потребни за водењето на прекршочни постапки.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
29.8.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]